# ВТОР ИЗВЕШТАЈ ОД ИНТЕГРИРАНИОТ МОНИТОРИНГ ЗА ИЗБОРИТЕ

# „МОЈОТ ИЗБОР 2011“



МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

Период опфатен со мониторингот

23 мај – 07 јуни 2011

**Издавачи**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)

Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**

Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС

Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС

Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

Билјана Петковска,  директор на МИМ



**Автори**

Миша Поповиќ – делот за кампањата

Илина Мангова – делот за изборната администрација

Весна Никодиноска – делот за медиумите

Петрит Сарачини – делот за медиумите



**Подготовка**

Јане Стефанов, МИМ



Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на сите издавачи или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ... 4

КЛУЧНИ НАОДИ ... 5

Изборна администрација ... 5

Кампања ... 5

Медиуми ... 6

ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 8

КАМПАЊА ... 11

ИЗБОРНИ ИНЦИДЕНТИ И ДЕНОТ НА ИЗБОРИ ... 14

МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИ ... 16

1. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 16

2. МЕТОДОЛОГИЈА ... 16

3. ПРВИЧНИ НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМИ ЗА ПЕРИОДОТ 23 МАЈ – 3 ЈУНИ 2011 ГОДИНА ... 17

Избалансираност и непристрасност ... 17

Тон на известувањето ... 20

Употреба на „ недоличен“ јазик ... 21

Злоупотреби на медиумот за пресметки со колеги-новинари ... 22

Објективно и точно известување ... 23


## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| *ВМРО-ДПМНЕ* | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| *СДСМ* | Социјал демократски сојуз на Македонија |
| *ДУИ* | Демократска унија за интеграција |
| *ДПА* | Демократска партија на Албанците |
| *НД* | Нова демократија |
| *ЛДП* | Либерал демократска партија |
| *НДП* | Национална демократска преобразба |
| *ВМРО-НП* | ВМРО - Народна партија |
| *ОМ* | Обединети за Македонија |
| *ДИК* | Државна изборна комисија |
| *ОИК* | Општински изборни комисии |
| *ИО* | Избирачки одбори |
| *ДКП* | Дипломатско конзуларни претставништва |
| *ИО – ДКП* | Избирачки одбори во дипломатско конзуларни преставништва |

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори, кои вклучуваат истражувања, набљудувања на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето. Исто така како една од главните активности на проектот е изработката на веб страна www.mojotizbor.mk, на која можат да се најдат сите релевантни информации поврзани со изборниот процес.

Дел од активностите предвидени во мониторингот се извештаи за текот на изборната кампања, работата на изборната администрација, како и извештај од мониторингот на медиумите. Деловите за изборна администрација и политички кампањи се подготвени од и се одговорност на Институтот за демократија, додека делот за мониторинг на медиумите е подготвен и е одговорност на Македонскиот инситут за медиуми.

За потребите на мониторингот на изборната администрација и текот на изборната кампања на територијата на Република Македонија ангажирани се 15 регионални координатори. Регионалните координатори ја следат работата на општинските изборни комисии и избирачките одбори, како и кампањските активности на политичките партии. Регионалните координатори доставија по два неделни извештаи во мониторираниот период и истите покриваат повеќе од 60 општини во државава. На денот на изборите, проектот имаше околу 200 статични набљудувачи во различни избирачки места кои го следеа процесот на гласање и пребројување на гласовите. Наодите од набљудувачите се вклучени во извештајот.

На централно ниво, мониторингот ја следи работата на Државната изборна комисија, како и активностите на политичките партии и за таа цел ангажирани се аналитичари за изборна администрација и аналитичар за кампањите на политичките партии.

Во мониторингот на медиумите беа вклучени 13 медиуми, од кои седум комерцијални телевизии на државно ниво - А1, Канал 5, Сител, Телма и Алсат-М (на македонски и на албански јазик), како и два канала на Јавниот сервис МТВ1 и МТВ 2 (програмата на албански јазик). Кај телевизиите се мониторираше едно издание на вестите во ударниот термин од 17.00 до 24.00 часот, како и дебатни емисии и интервјуа. Примерокот ги опфатии и весниците Дневник, Време, Вечер, Нова Македонија, Утрински весник и Коха (на албански јазик). Податоците беа собирани преку комбинација на квантитативни и квалитативни истражувачки инструменти. Во истражувањето учествуваа 12 монитори, двајца истражувачи-аналитичари, еден контролор и еден истражувач - лидер на тимот. Истражувањето треба да покаже дали медиумите известуваат непристрасно и избалансирано, дали ги пренесуваат информациите точно и објективно, дали употребуваат или пренесуваат говор на омраза или „недоличен“ јазик, дали мешаат вести и коментар, факти и сопствено мислење. Се мониторира и дали медиумите промовираат култура на говорот и етиката, дали се впуштаат во непримерна комуникација со јавноста и дали го користат медиумот за пресметка со личности, вклучувајќи ги и колегите-новинари.

Финалниот извештај од интегрираниот изборен мониторинг ќе биде објавен во текот на јуни и ќе вклучува оценка за изборниот процес во целина.

# КЛУЧНИ НАОДИ

## Изборна администрација

- ✓ Предвремените парламентарни избори се спроведоа во мирна, фер и демократска атмосфера на целата територија на Република Македонија. Високата излезност од 63,48% ја потврдува демократската зрелост на граѓаните на Република Македонија за мирно и непречено организирање на изборите;
- ✓ Државната изборна комисија (ДИК) функционираше на јавен и транспарентен начин. Сепак останува констатацијата дека во својата работа ДИК беше изложена на притисок од страна на политичките партии;
- ✓ Соработката на изборните органи (ДИК и општинските изборни комисии) со набљудувачите се одвиваше во добра атмосфера. Службата на ДИК на транспарентен начин ги информираше акредитираните набљудувачи за активностите и текот на работата;
- ✓ Успешно спроведената едукацијата на изборните органи, зголеменото присуство и интерес на членовите на изборните органи на обуките во однос на минатите избори претставува еден од клучните предуслови за добрата организација на изборите. Базата на податоци од која се прави случајниот избор на членови на изборни органи не е целосно прочистена, и е препорачливо во неизборниот период навремено да се ажурира и прочисти;
- ✓ Заради недоследности во законската регулатива ДИК имаше одредени потешкотии при организирањето на гласањето во странство. Кратките рокови, како и законските празнини за гласање во странство создадоа низа проблеми при организацијата на ДИК за гласање во ДКПа;

## Кампања

- ✓ Политичката кампања помина мирно иако во поларизирана политичка атмосфера. Од формален аспект, кампањата започна на 16ти мај иако и претходно постоеа активности на политичките партии кои беа поврзани со изборната кампања.
- ✓ Кампањата се одвиваше во претежно фер и демократска атмосфера. Повеќето партии своите кампањи ги базираа на митинзи и директна агитација додека пораширена кампања беше забележлива кај коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Според доставените финансиски извештаи за кампањата, вкупните расходи на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беа 272.256.168 денари (€4.426.930) наспроти 17,561,219 денари (€285,548) потрошени средства од страна на коалицијата предводена од СДСМ.

- ✓ Негативната кампања доминираше во предизборниот период. Поларизираната атмосфера резултираше со честа употреба на несоодветни квалификации на противниците, но и заплашување на гласачите. Главна тема на митинзите на сите политички партии беше економијата.
- ✓ На денот на изборите одредени неправилности беа регистрирани од страна на набљудувачите на мисијате. Семејното гласање, групното гласање и гласањето за друг се најчестите неправилности кои се случиле на денот на изборите, додека непристрасноста и нетранспарентноста на членовите на ИО треба да биде подобрена. Процедурите поврзани со пребројувањето на гласовите генерално беа испочитувани.

## Медиуми

- ✓ Медиумското известување за овие избори се одвиваше во услови на жестока и поларизирана кампања, која се прелеа и во медиумската сфера.
- ✓ Кај голем дел од мониторираните медиуми се забележани прекршувања на професионалните стандарди, со задржани добри практики кај одредени медиуми
- ✓ Евидентирани се примери во кои се забележуваат суптилни, но и експлицитни форми на фаворизирање или критикување на одредена политичка опција. Кај одредени телевизии се користеа различни медиумски алатки за изразување на претерана поддршка или тенденциозна критика, и тоа преку континуирано форсирање на одредени теми, информации за скандали или афери во почетните прилози во вестите, со повторување на кадри или изјави за да се засили ефектот од пораката.
- ✓ Кај дел од весниците се регистрирани тенденциозно-критички или фаворизирачки насловни конструкции на ударните страници, преку отстапување значително повеќе простор за одредени политички субјекти или едностраното известување, кое во некои текстови се потпира единствено врз ставот на новинарот. Кај некои весници се сретнуваа ironични, навредливи, па дури и недолични наслови и употреба на фотографии со контрадикторна симболика.
- ✓ Голем дел од вината за начинот на којшто информираа медиумите за изборите може да се лоцира и во начинот на кој партиите и политичките актери пристапуваа кон медиумите во ова предизборие. Дел од политичките актери одбиваа соочувања, а дел од нив не сакаа(т) да се појавуваат или да даваат изјави за одредени медиуми. Овој начин на однесување не е дел од вообичаената политичка култура во стабилни демократски општества, и ги оневозможува новинарите од одредени медиуми да известуваат коректно, професионално и избалансирано за политичките актери во предизборието.
- ✓ Медиумите и овојпат не демонстрираа професионална солидарност. Тие го „проголтаа“ овој начин на водење кампања и се напаѓаа меѓусебно во име на нечии други интереси. Тие не успеаја да се наметнат како конструктивни и влијателни актери во предизборието, да ја остварат нивната улога на чувари на јавниот интерес и коректори на власта и на останатите политички субјекти.

- ✓ Забележуваме дека во  оваа изборна кампања прв пат се користеше категоријата „вонредни вести“ за да се известува директно од митинг на политичка партија. Потсетуваме дека телопот/кајронот за „вонредни вести“ медиумите по правило го користат само во случаи кога се случило нешто многу значајно, неочекувано и непредвидено, а во изборните кампањи познати се и времето и говорниците.

- ✓ Позитивни поместувања во медиумското известување за изборите можат да се посочат  кај медиумите и јавниот дискурс на албански јазик. За разлика од минатото, политичките актери од албанско етничко потекло имаа далеку поконструктивен пристап во меѓусебните ривалитети и односите кон медиумите, што се рефлектираше и во поумереното и поизбалансирано известување, коешто генерално може да се констатира кај овие медиуми.

- ✓ За разлика од медиумите на македонски јазик, каде дебатите меѓу главните спротивставени политички опции изостанаа, албанските политичари од спротивставени политички опции дебатираа меѓу себе на двата мониторирани ТВ канали. Во овие емисии редовно отсуствуваше една опозициска партија, а отсуствуваа и интервјуа со лидерите на најголемите партии кај Албанците кај речиси сите медиуми, иако новинарите укажуваа дека сите партии биле уредно поканети.

- ✓ Македонскиот институт за медиуми им изразува поддршка на сите новинари и медиумски професионалци кои,  и покрај огромните притисоци на кои голем дел од нив се изложени, ги задржаа добрите практики и се придржуваа до професионалните стандарди во известувањето за изборите.

# ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Државната изборна комисија (ДИК) на транспарентен и организиран начин ги спроведе предвремените парламентарни избори во Македонија кои се одржаа на 5ти јуни 2011 година. Сите подготовки за изборите беа во рамки на законски предвидените рокови со мали доцнења во практичната реализација на активностите.

На предвремените парламентарни избори гласаа 1 156 085 од 1 821 122 регистрирани гласачи, или 63.48% од запишаните избирачи во Република Македонија. На 4 јуни гласаа привремено раселените лица, болни и изнемоштени, лица кои се во притвор или издржуваат казна затвор, а за прв пат гласаа и граѓаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, а кои се пријавиле за гласање. Од 7258 македонски државјани кои се пријавиле да гласаат во дипломатско конзуларните претставништва во странство, своето право на глас го искористија вкупно 4088 гласачи или во просек 56.32% од вкупно пријавените гласачи во странство.

Останува констатацијата од претходниот извештај дека, во својата работа ДИК беше изложена на притисок од страна на политичките партии, и двете најголеми политички партии изразија недоверба кон членовите на ДИК кои се предложени од спротивставената политичка опција. Сепак ова не предизвика сериозни попречувања на функционирањето на ДИК, како во предизборниот период, така и на денот на изборите. Работата на ДИК при дискутирање и решавање за прашања кои директно ги засегаат истите политички партии се карактеризираше со политизираност и пристрасност кон партиите, од кои се предложени членовите. При дискутирање и решавање за прашања од т.н. „стручен" карактер, работата на комисијата се одвиваше со колегијалност и соработка.

ДИК делуваше јавно и транспарентно, но во однос на претходните изборни циклуси, ја информираше јавноста за својата работа во намален обем. ДИК не располага со лице за односи со јавност, со што се отежнува информирањето на јавноста и медиумите по прашања од надлежности на ДИК. Веб страницата на ДИК ги содржи информациите неопходни за информирање за процесот на изборите, но потребно е да се зголеми обемот на информации кои се пласираат на неа. Исто така, страницата не е стабилна, и во неколку наврати не беше достапна. На денот на изборите вебсајтот на ДИК функционираше без проблеми и навремено беше ажуриран. Препорачливо е ДИК да го зголеми степенот на информирање на јавноста во однос на активностите што ги презема за реализација на изборниот процес и податоците со кои располага во однос на претходните избори. ДИК спроведе кампања за информирање и едуцирање на јавноста за начинот на гласање и остварување на гласачкото право која започна на 27 мај.

Соработката на ДИК со домашните и странски набљудувачи се одвиваше добро. Службата на ДИК на транспарентен начин ги информираше акредитираните набљудувачи за активностите и текот на работата. ДИК им излезе во пресрет и на набљудувачките мисии кои побараа акредитации по истекот на рокот. За овие избори беа акредитирани 7358 домашни и 493 странски набљудувачи и 12 странски новинари[1]. Бројот на домашни набљудувачи бележи тренд на зголемување во однос на изборите во 2008 и 2009, додека бројот на странски набљудувачи во однос на минатите избори е намален.

За реализација на изборниот процес ДИК побара 405.630.000 денари[2], а од Владата беа одобрени 315.000.000 денари[3] . Поради задоцнетото исплаќање на средствата од

[1] http://www.sec.mk/ppi2011/index.php/mk/2011-05-21-10-33-28
[2] http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=86F0CBAFF0356C429B698331B78CDBF0

страна на Министерството за финансии, се доцнеше  и со плаќањето на трошоците за општинските изборни комисии (ОИК).

Посебно внимание во работата на ДИК предизвика информацијата од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), со која се проблематизираше членувањето во општински изборни комисии (ОИК) на роднини на кандидати за пратеници на ВМРО-ДПМНЕ или функционери во истата партија. СДСМ искажа недоверба во работата на ваквите ОИК и за истото ја информира ДИК. Изборниот законик не дефинира партиска активност или семејна поврзаност со кандидати за пратеници како спротивни на членување во пониските изборни органи и не предвидува лични, семејни или морални причини како основа за изземање од функција член на изборен орган[4].

Дел од членовите на ОИК идентификувани од СДСМ поднесоа оставка од лични, семејни или морални причини. ДИК во два наврати разгледуваше вакви барања за разрешувања и оставки од членови на ОИК и донесе различна одлука. Дискусијата по ова прашање предизвика поделеност по партиски линии помеѓу членовите на ДИК, но и неконзистентност на членовите на ДИК по истото прашање.  На седница на 1 јуни 2011 година, ДИК не ги прифати поднесените оставки од лични и морални причини на членови на ОИК Вевчани, Демир Капија, Штип, Долнени и Демир Хисар. На седница на 3 јуни 2011 години, при разгледување на изјави за изземање на членови на ОИК од ист карактер, со одлука на мнозинство (членови на ДИК предложени од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ) ДИК пристапи кон прифаќање на оставките и разреши четворица членови на ОИК Долени, Новаци и Могила.  И покрај тоа што обезбедувањето на доверба на политичките партии во работата на изборните органи е од суштинско значење за успешна реализација на изборниот процес, се чини дека ДИК постапи надвор од изборниот законик при донесувањето на оваа одлука.

ДИК реализира три задолжителни едукации за општинските изборни комисии. Едукацијата беше важна, со оглед на тоа што станува збор за голем број новоизбрани членови на ОИК. Забележано е дека едукацијата е подобрена во однос на претходните години, со интерактивност и практични примери, а беа дистрибуирани и детални прирачници до членовите на ОИК. Исто така, забележано е и зголемено присуство на членовите на ОИК на овие сесии во однос на претходните години. И покрај тоа што едукацијата беше задолжителна, не се водеше евиденција и не се санкционираше предвремено напуштање на едукативните сесии. Овој мониторинг забележа дека општинските изборни комисии имаа добро познавање на изборниот процес и законските прописи, со мали пропусти од страна на одредени ОИК. Општинската изборна комисија во Прилеп покажа непознавање на прописите во однос на домашните набљудувачи и беше нетранспарентна и затворена за набљудувачите на оваа набљудувачка платформа, со што нејзината работа беше во спротивност на член 24 од Изборниот законик[5].

Членовите на ОИК извршија бирање на членови на избирачки одбори (ИО) по случаен избор во организација и техничка подготовка на ДИК и со помош од Државниот завод за

---

[3] http://daily.mk/cluster3/7a7ea7a885449418ba12520553eae56c/702214

[4] Член 18 (3) од Изборниот законик пропишува дека „ Лицето избрано за член на изборниот орган може да не прифати да ја извршува таа должност само поради здравствени или семејни причини, при што за неприфаќањето на членот одлучува органот кој го избира, врз основа на приложена соодветна документација.“

[5] „Работата на изборните органи е јавна и право да присуствуваат на работата на изборните органи имаат овластените претставници на подносителите на листи и акредитираните набљудувачи.“ На нашиот набљудувач му беше побарано да поднесе дополнително барање за овластување да ја набљудува ОИК Прилеп, целокупна листа на набљудувачи со лични податоци и изборни места кои ќе ги набљудуваат. Набљудувачот укажа дека овие барања не се во согласност со изборните прописи и не му беше овозможено набљудување на работата на ОИК.

статистика. Некои членови на ОИК вршеа субјективно влијание врз изборот на членови на ИО. Ова влијание често беше во насока на зголемена ефикасност на случајниот избор. Имено, поради нецелосна прочистеност на електронската датабаза на вработени во државната, општинската и администрацијата на град Скопје, системот понекогаш предлага лица кои кои по различен основ не треба да бидат избрани (веќе се членови на изборни органи, станале кандидати за пратеници, одење во пензија или странство, смрт, напуштање на работа и сл.). Членовите на ОИК препознаваат вакви случаи и ѝ укажуваат на техничката служба да го повтори процесот на бирање, со цел да не се одолговлекува формирањето на изборните органи. Препорачливо е во неизборниот период навремено да се ажурира оваа датабаза за да се зголеми ефикасноста на изборната администрација во период на избори. Исто така, за поефикасно спроведување на изборите ДИК ги имаше поедноставено обрасците за записници[6].

Едукацијата на избирачките одбори беше спроведена од страна на општинските изборни комисии на соодветните општини. За разлика од претходните едукативни програми, едукациите на избирачките одбори траеја најмногу до 2 часа. Исто така, прирачниците за работа на избирачките одбори во дел од набљудуваните ИО не беа дистрибуирани за време на едукативните сесии, туку за време на дистрибуцијата на изборниот материјал.[7]

Предавањето на доверливиот и недоверливиот материјал од ДИК до ОИК и од ОИК до избирачките одбори се реализираше добро и во присуство на голем број домашни и странски набљудувачи и овластени претставници на политичките партии.

Избирачките одбори добро го спроведоа гласањето на денот на изборите и во извесни наврати спречија прекршување на изборните правила. Набљудувачите на мониторингот забележаа дека во 15% од од избирачките места кои беа набљудувани било забележано семејно или групно гласање. Исто така во 17 % од случаи беше забележано дека членовите на избирачките одбори не се однесуваат непристрасно и непартиски. Набљудувачите исто така известија за краткотрајно некористење на УВ лампа, јавно гласање, сликање на гласачко ливче. Исто така, беа забележани мали непознавања на одредени правила кои не влијаеа на исходот или на спроведувањето на изборите[8].

ДИК за прв пат организираше гласање во странство. Поради задоцнетото донесување на измените во Изборниот законик за гласање во странство и недоволна обмисленост на законот во овој поглед, најголемиот дел од активностите на ДИК беа посветени на организација на гласањето во дипломатско конзуларните претставништа (ДКП). Роковникот на ДИК не беше соодветно испланиран во делот на спроведување на изборните дејствија за организација на гласање во ДКП. Услови за гласање во странство исполнија во 36 од 48 ДКП. ИО-ДКП беа формирани по ист принцип како и ИО во земјата. Програмата за едукација ИО-ДКП се одржа во рамките на предвидените рокови од страна на стручното тело на ДИК. Членовите на ИО-ДКП се пожалија дека не биле контактирани и не биле информирани за едукативните сесии. Оваа набљудувачка платформа не го следеше гласањето во странство, така што нема да дава оценка за спроведувањето на изборниот процес во ДКПа.

[6] Пример: Образецот број 16 каде се заведуваат податоците за гласање, сумирање и утврдување на резултати од ИО е поедноставен и тргнати се недостатоците кои претходно ги имал.
[7] Еден ден пред спроведување на изборите.
[8] Пропусти во уредување на гласачкото место, непознавање како да се постапи кога гласачот/затвореник нема лична карта или пасош, непознавање

# КАМПАЊА

Политичката кампања помина мирно, иако во поларизирана политичка клима. Кампањата започна на 16ти мај, иако и претходно постоеја активности на политички партии кои беа поврзани со изборната кампања. Овие активности не значеа прекршување на законот, бидејќи тој не дава строга содржинска дефиниција за овој поим.[9] Сепак, ваквата пракса го отвора прашањето за разликата помеѓу законската регулатива и фактичкото спроведување на политичката кампања.

Повеќето партии своите кампањи ги базираа на митинзи и директна агитација, додека пораширена кампања беше забележлива кај коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Во таа смисла, постоеше видлива непропорционалност во присуството на рекламен простор закупен од нивна страна низ државата, а особено во Скопје.[10] Според доставените финансиски извештаи за кампањата, вкупните расходи на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беа 272.256.168 денари (€4.426.930) наспроти 17,561,219 денари (€285,548) расходи на коалицијата предводена од СДСМ. Од страна на политичките партии кои имаат доминантно албанско гласачко тело, ДУИ има потрошено 7,316,920 денари (€118,974) додека ДПА има потрошено 2,735,368 денари (€44,478)[11]

Правото на слободно организирање на митинзи се остваруваше непречено. Исклучоци од ова беа случаите во општина Центар, каде на коалицијата предводена од СДСМ им беше одбиено барање за одржување на митинг на определена локација. Истовремено, забележливо отстапување е и праксата на локалната самоуправа во општина Охрид да не дозволува собири на градскиот плоштад. И покрај тоа што таквата позиција на општината се однесуваше на сите партии подеднакво, потребно е допрецизирање на надлежностите на локалните самоуправи во однос на кампањските активности на политичките партии.

Во голема мера партиите ја спроведуваа својата кампања преку тезги и штандови поставени на видни локации низ населените места, на кои се делеа промотивни материјали. Истовремено, на овие избори се доразви праксата на кампања „од врата до врата", во која се претставуваа програмите и активностите на партиите преку директен контакт на кандидатите со гласачите. Ваков тип на активности презедоа сите поголеми партии.

Почетокот на политичката кампања започна во изразено поларизираната атмосфера, која што постоеше и во предизборниот период во Македонија. Недовербата помеѓу политичките конкуренти резултираше со раширеност на негативната кампања, која беше евидентна и на медиумски план, но и во потесна смисла – на политичките собири и митинзи.

Критиката на другите кандидати и политички партии наместо промоција на сопствените програми и проекти беше честа пракса на политичките собири и митинзи во текот на оваа кампања. Говорот на омраза се појави во ретки случаи, но поларизираната атмосфера предизвика употреба на несоодветни квалификации на противниците, но и заплашување на гласачите, дека ако гласаат за противниците, гласаат за уништување на општеството. Таквата состојба на „емергентност" (да се биде или не), не придонесе кон релаксирана клима во текот на изборите. Во третото истражување на МЦМС, МИМ и ИДСЦС спроведено помеѓу 25 и 28 мај, поголемиот дел од испитаниците ја оценија

[9] Член 2 од Изборниот законик (Поимник, алинеа 13)
[10] Се работи за приватно закупен простор за билборди.
[11] Извор: финансиски извештаи доставени до ДИК за првиот период и вториот период на кампањата објавени на веб-сајтот на ДКСК.

реториката во кампањата како „навредлива“ кон другите партии, а околу една петтина од испитаниците смета дека кампањата е употребена за промоција на програми или кандидати.

Сите поголеми партии во македонскиот блок имаа своја медиумска платена програма, креирана на основа на негативна кампања која засили во последната недела пред изборите. Главна мета на овие видео спотови беа лидерите на политичките партии, а содржината беше посветена на нивна дискредитација. На сличен начин, во директната кампања на митинзите, се забележа засилување на реториката и користење на силен јазик во меѓусебните обвинувања. Таквата оценка може да се даде за сите поголеми политички партии во Македонија.

Главна тема на митинзите на оваа политичка кампања беше економијата. Според известувањето на регионалните координатори, оваа тема без исклучок беше спомнувана на кампањските митинзи, без разлика на местото и времето на одржување на собирот. Во тие рамки се движеше и јавното мислење во Македонија, односно очекувањата на граѓаните за тоа што треба да биде содржината на оваа кампања. Осум од десет испитаници сметаа дека дека економијата е прашање на кое политичките партии треба да посветат најмногу внимание.[12] Како надоврзување на оваа тема, во определени региони во рамки на кампањите се посветуваше поголемо внимание и на локалниот развој. Неодминлива тема во оваа кампања беа и европските и НАТО интеграции. Темите поврзани со сиромаштијата беа најчесто дел од дискусијата за економскиот развој, а во зависност од локалниот контекст се вклучуваа и теми поврзани меѓуетничките односи или социјално вклучување на специфични групи.

До моментот на пишување на овој извештај, на веб-страницата на ДИК не се објавени вторите финансиски извештаи на учесниците на изборите. Таквите извештаи, за оние партии или коалиции кои ги доставиле, се објавени на веб-сајтот на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). И покрај укажувањата на ДКСК, политичките партии не обезбедија зголемен увид во финансиското работење за време на кампањата. Генерална оценка за финансиските извештаи е дека се штури. Како што укажа и ДКСК, несоодветниот формулар за прикажување на финансиското работење во кампањата остави простор за злоупотреби и нетранспарентно трошење на средства. Видливи недоследности во финансиските извештаи сеуште постојат[13] што ја проблематизира транспарентноста на политичките кампањи.

Повеќето приходи (донации) доаѓаат неколку денови пред крајниот рок за доставување на финансискиот извештај, а дел од партиите дополнително се задолжуваат.[14] И покрај укажувањето на ДКСК после првиот извештај[15], ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и ЛДП во вториот извештај не обезбедија информација за тоа како ќе се покрие големиот долг на нивната кампања. Дел од партиите кои првите извештаи ги доставија во образец по свое видување, таа пракса ја сменија и вторите извештаи ги доставија во соодветно пропишана форма.[16] Првичните анализи на ДКСК за финансиските извештаи кои се објавија во текот на кампањата се добра пракса за информирање на јавноста за однесувањето на политичките партии во еден важен дел од политичката кампања. Потребно е да се доразвие оваа пракса за да се натераат субјектите во кампањата да го зголемат бројот на информации за нивната финансиска работа. Поради поголема транспарентност потребно е

[12]Интегриран изборен мониторин 2011 МЦМС, МИМ и ИДСЦС (25-28 мај 2011) телефонско истражување
[13] Еден пример за тоа е „Достоинство“ која не пријавила расходи во вториот дел од кампањата.
[14] Ова се изведува како заклучок според фактот дека определени партии и во двата извештаии прикажуваат повеќе расходи од приходи. [Извор: финансиски извештаи (пример ВМРО-ДПМНЕ и ДПА)]
[15] Првичната информација на ДКСК е објавена на нивниот веб сајт на 30.05.2011.
[16] ЛДП ја повтори праксата да доставува банкарски изводи.

и да се доработи образецот за да се зголеми и олесни увидот во финансиската работа на изборните кампањи. Според изборниот законик, учесниците на избори се должни да поднесат комплетен финансиски извештај[17] кој дополнително треба да се анализира за да се види дали горенаведените недостатоци или нејаснотии ќе се разјаснат.

[17] Најдоцна 15 денови после кампањата според член 85.

# ИЗБОРНИ ИНЦИДЕНТИ И ДЕНОТ НА ИЗБОРИ

Пред почетокот на изборната кампања, националната *А1 Телевизија* во новинарски истражувачки прилог објави постоење на списоци кои се подготвуваат од страна на државните службеници за да се обезбедат гласови за владеачката партија. Списоците со кои располагаше *А1 Телевизија* беа доставени до јавното обвинителство, но и до ОБСЕ како меѓународни набљудувачи. Иако јавното обвинителство одлучи дека нема основа за продолжување на постапката, сепак аферата имаше удел во климата во која се одвиваше кампањата.

Дистинкцијата помеѓу јавната и партиската функција остана нејасна во повеќе случаи.[18] Искористувањето на службената позиција за време на кампања претставува пример за лоша пракса. Пример за ова се доделувањата на решенија за легализација на дивоградби, кое го правеа владини министри. Таквите активности се искористуваа за кампања бидејќи не постои видлива потреба решенијата да бидат доделувани во форма на настани, и тоа директно од највисоките ешалони.[19]

За спречување на оваа пракса, Претседателот на Владата на Република Македонија издаде писмено известување на 19ти мај во кое се изразува осуда на злоупотребата на јавни функции за партиска дејност. Во истото писмо се најавуваат и остри санкции против оваа пракса. Меѓутоа и покрај оваа силна заложба, вториот дел од писмото има поинаков карактер, во кој наводите за притисок врз администрацијата, поради кои оригинално писмото се пишува, се наведуваат како опозициска конструкција.

Изборни инциденти во кои се уништува рекламен материјал како плакати и билборди за време на мониторираниот период беа забележани, но отсуствуваше нивна рашireност.[20] Регионалните координатори не известија за систематски инциденти, туку за инциденти од мал интензитет поврзани со кинење плакати или оштетување на билборди.[21] Тоа што може да се извлече како заклучок е дека уништувањето на плакати во поголем дел се одвиваше во десниот блок, односно партиите кои помеѓу себе делеа слична база на гласачи.[22] Според МВР најголем број на инциденти поврзани со материјално уништување им се случуваа на опозициските партии.

Изборниот молк, од аспект на кампања на политичките партии генерално беше почитуван.[23] Исклучок од ова беа летоци кои беа дистрибуирани за време на викендот наводно од СДПМ во кои се повикува на гласање за Бранко Црвенковски но со редниот број 13. Повеќе извори јавуваа за присуство на кампањски материјал на Достоинство во близина на неколку гласачки места во ИЕ 3.

Мисијата изврши набљудување во педесет и шест општини во шесте изборни единица на територија на Република Македонија. Набљудувачите од Штип известија за агитирање

[18] Според документот на ОБСЕ од Копенхаген, потребно е јасно одвојување помеѓу активностите на функционерите од државната и/или локална власт и учесниците во изборната кампања
[19] Такви примери се забележани непосредно пред почетокот на кампањата, но и во текот на кампањата: Гевгелија, Прилеп, Ѓорче Петров.
[20] Пример за ова се билборди на ЛДП во Скопје и случајот на уништување на рекламен материјал на СДСМ во Крива Паланка.
[21] Како што е случај со билборди на ОМ во Битола.
[22] Според известувањата на регионалните координатори од ИЕ 3.
[23] Ова не се однесува на медиумите каде, според последните информации од СРД постоеа медиуми кои го прекршиле изборниот молк.

за политичка партија во текот на изборниот ден а во Битола во близина на гласачко место бил отворен локален партиски штаб што предизвикало тензија.

Во однос на процедурите за време на изборниот ден според наодите од страна на набљудувачите на мисијата следните неправилности беа констатирани:

- Во 6% од набљудуваните избирачки места тајноста на гласањето не била испочитувана;
- Во 15% од набљудуваните избирачки места имало случаи на семејно или групно гласање;
- Во 4% од набљудуваните избирачки места имало гласање за друг;
- Во 8% од набљудуваните избирачки места спрејот за обележување на прстот на гласачите не се користел редовно;
- Во 17% од набљудуваните избирачки места членовите на ИО се однесувале пристрасно кон некоја од политичките партии или на нетранспарентен начин;
- Гласањето во 92% од случаите е оценето како добро и во 8% од случаите како задоволително;
- Пребројувањето на гласовите во 96% од случаите беше оценето како добро и во 4% од случаите како задоволително.

# МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИ

## 1. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Македонскиот институт за медиуми (МИМ), во периодот од 23 мај до 5 јуни, спроведе мониторинг на 13 национални медиуми (седум телевизии на државно ниво и шест национални дневни весници), со цел да утврди дали тие ги запазуваат професионалните стандарди при известувањето за текот на Парламентарните избори 2011. Истражувањето во втората фаза ќе направи анализа дали и за кои теми и прашања новинарите критички се осврнуваат во известувањето во изборната кампања и во дебатните емисии или интервјуа со кандидатите и со експертите.

Како основа за истражувањето послужија професионалните стандарди пропишани со Етичкиот кодекс на новинарите на Македонија, а беа земени предвид и меѓународните принципи и стандарди препорачани од страна на ОБСЕ, Венецијанската Комисија, Европската Комисија и Артикл 19. Појдовна основа на истражувањето е членот 14 од Етичкиот кодекс на новинарите, каде конкретно се нормира известувањето на новинарите за време на избори:

> „Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите
>
> треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора
>
> да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.“

Истражувањето треба да покаже дали медиумите известуваат непристрасно и избалансирано, дали ги пренесуваат информациите точно и објективно, дали употребуваат или пренесуваат говор на омраза или „недоличен“ јазик, дали мешаат вести и коментар, факти и сопствено мислење. Се мониторира и дали медиумите промовираат култура на говорот и етиката, дали се впуштаат во непримерна комуникација со јавноста и дали го користат медиумот за пресметка со личности, вклучувајќи ги и колегите-новинари.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Ова е втор прелиминарен извештај кој што се однесува на периодот од 23 мај до 3 јуни 2011 година. Во мониторингот беа вклучени вкупно 13 медиуми, од кои седум беа комерцијални телевизии на државно ниво - А1, Канал 5, Сител, Телма и Алсат-М (на македонски и на албански јазик), како и два канала на Јавниот сервис МТВ1 и МТВ 2 (програмата на албански јазик). Кај телевизиите се мониторираше едно издание на вестите во ударниот термин од 17.00 до 24.00 часот, како и дебатни емисии и интервјуа. Примерокот ги опфати и весниците Дневник, Време, Вечер, Нова Македонија, Утрински весник и Коха (на албански јазик).

Целта и на овој втор прелиминарен извештај е да направи пресек на примери во кои се забележани најфлагрантни кршења на професионалните и етичките правила при новинарското известување за изборната кампања.

Податоците се собираа преку комбинација на квантитативни и квалитативни истражувачки инструменти.

Во истражувањето учествуваат 12 монитори, двајца истражувачи-аналитичари, еден контролор и еден истражувач - лидер на тимот.

## 3. ПРВИЧНИ НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМИ ЗА ПЕРИОДОТ 23 МАЈ – 3 ЈУНИ 2011 ГОДИНА

### Избалансираност и непристрасност

Јавната претстава за политичките партии, кандидати или лидери не се обликува само преку обемот на времето што им се доделува, туку и преку начинот на кој тие се претставени во медиумите. Така, владејачката партија може да биде претставена во диспропорционално фаворизирачка светлина, додека опозицијата во негативна, и обратно. Во некои случаи неизбалансираноста во известувањето подразбира свесен обид на медиумите да влијаат врз исходот на изборната кампања или да манипулираат со мислењето на гласачите. За неизбалансираност и пристрасност при известувањето зборуваме кога постои претерана критика или исто такво фаворизирање на некој политички субјект, кога не е застапена втората страна или не постојат спротивставени гледишта. Овие принципи се нарушени и кога не е овозможено правото на одговор или демант.

Мониторингот што го спроведе МИМ, во периодот од 23 мај до 3 јуни, покажа неизбалансираност и пристрасност кон одредена политичка опција кај повеќе радиодифузни и печатени медиуми на македонски јазик. Беа евидентирани суптилни, но и експлицитни форми на фаворизирање или критикување на одредена политичка опција. Се користеа различни медиумски алатки за изразување на претерана поддршка или тенденциозна критика, и тоа преку континуирано форсирање на одредени теми, скандали и афери во почетните прилози во вестите, со повторување кадри за да се потенцира пораката, или со секојдневно повторување на една иста изјава за да се засили ефектот од веста.

Кај некои телевизии на почетокот од вестите беа позиционирани прилози што или ја фаворизираат блиската политичка опција или ја критикуваат спротивната, од што може да се констатира пристрасност. Додека едни известуваа ударно или фреквентно за промотивните активности на владините функционери и наедно носители на листи, (Сител, Канал 5 и МТВ 1), други жестоко ја критикуваа Владата (А1). Истата „стратегија“ се применуваше и во изборниот блок, каде редоследот на вести за активностите на партиите беше фиксен. Во зависност од наклонетоста на телевизијата, секогаш се почнуваше со вест за една иста политичка партија - во изборната рубрика на Сител првиот прилог најчесто се однесуваше на митинзите на ВМРО-ДПМНЕ, додека,пак, кај А1, првиот прилог во изборната рубрика најчесто беше резервиран за активностите на опозициската СДСМ.

И во двата случаи, почетните прилози за одредена партија беа подолги, содржеа повеќе изјави од говорниците (пример: Бранко Црвенковски, Радмила Шекеринска и Стевче Јакимовски, прилог во вестите на А1 од 28 мај), или, пак, новинарот се јавуваше со линк и со интервју со носителот на листа од партијата блиска до медиумот (вести на Сител, 28, 29, 30, 31 мај, 1 јуни), само кога станува збор за таа партија. Во зависност од наклонетоста на телевизијата, прилозите за активностите на спротивната партија беа поместувани на самиот крај на изборната рубрика, а кај некои медиуми дури и беа изоставени. Така, во вестите на А1 прилозите за ВМРО-ДПМНЕ и за ДУИ најчесто беа на самиот крај на изборната рубрика и содржеа само изјава од Груевски или од Ахмети. Некои медиуми се обидуваа да ги маргинализираат партиите ВМРО-НП и ОМ, со постојано известување во почетните прилози во вестите за одлевање на нивното членство во ВМРО-ДПМНЕ и со употреба на зборови како „масовно“, „се ситни членството“, „бран одлевања“ итн, што некаде не беше поткрепено со прецизни извори и бројки.

Конкретен пример е телевизијата Канал 5, која од 12 дена колку што траеше мониторингот, во ударните вести имаше 10 прилога што се однесуваат на оваа тема. (1200 члена од ВМРО НП преминаа во ДПМНЕ, 23.05.2011; Љубе и Љубчо остануваат без членство, 24.05.2011; Љубе и Љубчо и натаму губат членство, 25.05.2011; Нов бран одлевања во ВМРО ДПМНЕ, 27.05.2011; Членови на ВМРО НП од Гази Баба и Струга преминуваат во ВМРО ДПМНЕ, 28.05.2011; Членови од ВМРО НП од Берово се вратија во ВМРО ДПМНЕ, 29.05.2011; Ново одлевање во ВМРО ДПМНЕ (граѓани од о.Илинден досегашни членови на ОМ), 31.05.2011; Се ситни членството на Љубе и Љубчо, 01.06.2011; Членови на ВМРО НП не сакаат коалиција со Црвенковски, 02.06.2011; и Членови заминуваат од кај Филип и од СДСМ, 03.06.2011)

И на МТВ 1 беше забележано поместување на прилозите за промотивните активности на Владата и на владините функционери во почетокот на вестите, надвор од изборниот блок. И вестите за раситнување на членството на помалите партии и нивно приклонување кон ВМРО-ДПМНЕ, како и Рамковски и А1 телевизијата кои често беа поврзувани со опозицијата, беа повеќепати теми на ударните вести на јавниот сервис.

Во некои прилози кај одредени телевизии беше забележано дека отсуствува втората страна, или, пак, спротивставено гледиште, а некаде, пак, сосема отсуствуваа изјави од соговорници, односно известувањето се базираше единствено врз новинарот како извор. Едностраното известување речиси стана практика во медиумското покривање на кампањата кај повеќето телевизии и весници. Под еднострано известување се подразбира и само еден извор во прилог, но и селективно известување, на пример, за инцидентите. Така, телевизијата А1 на повеќе наврати известуваше само за заканите, притисоците и инцидентите од страна на власта, и тоа во почетните прилози на вестите (на 28, 29 и 30 мај), а кај Сител и МТВ 1 беше забележано дека истиот ден, 28 мај, се известуваше само за проблемите кои ги прави опозицијата. Имајќи го предвид фактот дека во ист ден на 28 мај се случиле напади врз членови од двете партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, едностраното известување може да се протолкува како тенденциозно пласирање информации, или своевидно цензурирање на содржината. Кај одредени медиуми, пак, често се консултираа експерти што гравитираат кон политичката опција што е блиска до медиумот, или, пак, отсуствуваше плурализам на независни ставови и на идеи. Сепак, тука треба да се напомене дека откако СРД во својата анализа ја оцени А1 како неизбалансирана, телевизијата информираше дека „владејачката ВМРО-ДПМНЕ во континуитет ја бојкотира А1 и ги игнорира сите наши повици за учество во дебатите и давање изјави за А1 телевизија. Затоа резултатите во анализата на СРД не можат да бидат поинакви".(А1, 31 мај 2011)

Што се однесува до етничкиот баланс во вестите, кај повеќето телевизии на македонски јазик се известуваше за активностите на албанските партии во изборната рубрика каде се пренесуваа извештаи од пресови или од митинзи, но ретко надвор од неа. Пример за ваков забележителен исклучок е веста за информациите добиени од Викиликс, во која се објаснуваше што разговарале лидерот на ДУИ Али Ахмети и американскиот амбасадор во Македонија Филип Рикер, а која ја пренесоа повеќето медиуми. Вестите за изборните активности на ДУИ како владејачка или за опозиционите партии на Албанците кај повеќе телевизии беа поместени по извештаите за сите партии на Македонците кон крајот од вестите. Кај медиумите на албански јазик, пак, што беа опфатени со овој мониторинг, беше забележано релативно умерено и избалансирано известување за четирите моментално најактивни политички субјекти со гласачи претежно со албанско етничко потекло и за двете најголеми партии со гласачи претежно со македонско етничко потекло. Другите партии на Албанците (ПДП, НДУ, ДУА) и на Македонците (ЛДП, ОМ,

ВМРО-НП, СДУ, Демократска десница, ПОДЕМ итн), како и кај македонските медиуми, беа далеку помалку застапени.

Пристрасноста и неизбалансираноста беа експлицитни и кај дел од весниците на македонски јазик кои беа опфатени со мониторингот, почнувајќи од фаворизирачки или прекритички насловни конструкции на ударните страници на весниците, преку покривање или непокривање на настаните (визуелно или текстуално), преку отстапување повеќе простор за одредени политички субјекти, се до едностраното известување, кое во некои текстови се базираше само врз ставот на новинарот. Кај некои весници се сретнуваа иронични, навредливи, па дури и недолични наслови („Некој фрлал шишиња врз Радмила, да не возел Бранко пред неа?!“, Вечер, 3 јуни 2011 и „Ј***логија“, наслов на коментар во Вечер, 30 јуни 2011), а некаде се сретнуваа и наведувачки/агитирачки конструкции („Предизборен удар врз идната мандатарка - Нападот врз Шеќеринска е застрашувачки сигнал“, Време, 3 јуни 2011). Беа забележани и фотографии на насловна страна, со контрадикторна симболика и наслов: прикажана е (црвена) бесилка за изборниот процес, како што гласеше насловот, но во заднина доминираше црвената боја со плакати од ВМРО-ДПМНЕ (Време, 2 јуни, 2011).

Кај весниците Дневник и Утрински весник не се евидентирани позначајни отстапувања од професионалните стандарди, иако се забележуваше посуптилно критикување или фаворизирање на одредена политичка опција, и тоа не преку новинарски оценки во текстовите, туку повеќе преку изборот на темите генерално гледано, преку афирмативни или критички наслови кај некои текстови, преку позиционирањето на текстовите и фотографиите, преку изборот на експерти и колумнисти блиски до одредена опција.

Треба да се забележи и релативно избалансираниот пристап кај двата весника, кога се зборува за отстапување простор за интервјуа и портрети на политичарите од различни политички опции кај Македонците и кај Албанците.

Кај весникот Нова Македонија, пак, освен во некои авторски текстови, не се забележани поголеми прекршувања на професионалните принципи –најчесто се известува избалансирано и не е забележано приклонување кон одредена политичка опција.

И телевизијата Телма генерално ги почитуваше професионалните стандарди во периодот од 23 мај до 3 јуни. Ретко се случуваше во прилозите да нема отстапено простор за одговор на „обвинетата“ страна, освен во одредени случаи кога обвинувањата доаѓаат од помалите политички партии. Но, кога се работеше за ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, телевизијата секогаш ја бараше втората страна. Во посочениот период Телма не користеше нејасни и непрецизни извори. Може да се каже дека не секогаш известувањето за СДСМ е прво во изборниот блок, но ВМРО-ДПМНЕ речиси никогаш не се први во редоследот на вестите. Дополнително, известувањето за активности на СДСМ секогаш е поместено понапред од тоа за ВМРО-ДПМНЕ.

Кај албанските медиуми делумни недостатоци, кои се помали во обем, се воочени главно кај избалансираноста на уредувачката агенда, т.е местото и важноста кое им го отстапува уредништвото на политичките актери во вестите, и начинот на кој уредувачката политика ги претставува политичките актери преку техничките средства и уредувачките интервенции кои ги има на располагање. Поконкретно, тие се забележуваат во однос на наклонетоста на уредувачката политика при креирањето на редоследот на прилозите во вестите, зголеменото и повторувачко известување за одреден актер и суптилното фаворизирање на одредени политички субјекти преку зголемено известување за нив вон изборните рубрики, а делумно и со позитивна конотација или поголемо и позначајно

присуство во визуелните прикази (фотографиите, снимките, кајроните, табеларните прикази, насловите).

Кај МТВ 2 се забележува наклонетост на уредувачката политика кон владејачката партија поддржана од гласачите - Албанци, главно поради воочливото зголемено известување за нивните активности во ударните вести надвор од изборната рубрика, при што значаен дел од известувањето отпаѓа на промотивни настани, на кои присуствуваат и говорат јавните функционери кои се истовремено и кандидати.

Индиции за помала наклонетост на уредувачката политика кон овој субјект се забележани и кај Алсат М, поради редовното давање на примат на прилозите за митинзите на ДУИ во изборната рубрика, и поради забележаното зголемување на известувањето за промотивни и псевдо настани на кои присуствуваа јавните функционери од оваа партија кои се кандидати на овие избори, а кои, за волја на вистината, ги засилија нивните активности пред крајот на кампањата. Бројот на прилозите вон изборната рубрика за функционерите на ДУИ е поголем од оној за сите други партии на Албанците заедно, дури и ако се исклучат прилозите каде што функционерите на оваа партија настапувале како државни функционери. Од друга страна, известувањето во овие прилози е неутрално, и во рамките на добрите новинарски практики, а во известувањето на Алсат има и критицизам, кој е воочлив во известувањето за власта и за партиите воопшто.

Во весникот Коха, иако е забележлив можеби најизбалансиран пристап во известувањето за активностите и ставовите на партиите на Албанците (дури и за помалите), евидентен е фактот дека, освен еден серијал критички текстови, целосно отсуствува известување за кампањата и ставовите на Нова Демократија.[24] И кај весникот Коха делумно се забележува зголемено известување за носителите на јавни функции од редовите на владејачката ДУИ и често користење на јавните функционери како извори во сториите, што може да се протолкува како пристрасност, но при тоа новинарите се неутрални кон актерите, а во Коха може да се забележи и критицизам на адреса на властите и на партиите воопшто.

## Тон на известувањето

Во квалитативна смисла, тонот на известувањето, или, како што уште се нарекува неговиот квалитет, се проценува според застапеноста на повеќе елементи, а во прв ред: дали постои експлицитна оценка на новинарот за релевантниот субјект; каква е рамката во која се информира за конкретен субјект (рамката ја претставува вредноста на новинарскиот прилог за субјектот, односно контекстот на известувањето). Поимот за 'врамувањето', имено, не е поврзан со вистинитоста или невистинитоста на контекстот, туку со светлината што тој контекст ја фрла врз субјектот. Постојаното известување за определен политички субјект во проблематичен контекст (на пример настани со насилство, покренати постапки за корупција итн.) во текот на кампањата може да укажува на намера субјектот да и се претстави на јавноста во негативен контекст.

Кај ТВ Сител беа забележани суптилни примери на врамување. Така на пример, неколку дена во вестите се обработуваа прилози за бенефициите кои пензионерите ги добиле откако ВМРО-ДПМНЕ е на власт и се правеше споредба дека тоа не било случај во

[24]Во овој контекст, треба да се земе предвид дека оваа одлука на уредувачката политика е под влијание на јавните несогласувања меѓу неа и политичката партија, на чијашто листа, меѓу другото, беше и кандидат кој е управител на конкурентски медиум, релации кои влијаат негативно на можноста новинарите да известуваат професионално и докрај во согласност со добрите новинарски практики за известување при изборите

времето на СДСМ (27, 29 и 30 мај). Или, пак, секојдневно се емитуваа прилози за Кратово на навидум тривијални теми: „Врвни резултати на 'Добра вода', „Кратово-историски град кој прераснува во туристичка локација“, „Кратово - како навистина живеат младите!“. (27, 28, 29, 30 мај) Индикативно е што ниту еден друг град не е толку експлоатирана тема во вестите пред избори, како што е родниот град на Љубисав Иванов - Ѕинго, коалициониот партнер во владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, што наведува на мислење дека целта на прилозите е да се амортизира ефектот на серијата прилози на А1, кои го претставуваа градот, а преку него и Иванов, во негативно светло. Индиректна мета на овие прилози беше всушност владата на премиерот Никола Груевски.

На телевизијата А1, пак, владата и активностите на власта често беа прикажувани во негативно светло, известувајќи за притисоци, инциденти, заплашувања кон неистомислениците, или за афери поврзани со имотната состојба на премиерот, често во почетните прилози на вестите. (28, 29, 30, 31 мај)

Друг експлицитен пример за врамување е и веста која ја пренесоа неколку печатени и електронски медиуми (Вечер, Сител, Канал 5, МТВ1) дека убиецот од Драчево, кој својата жртва ја чувал во спалната соба, се сликал со Бранко Црвенковски и со Стевче Јакимовски. Некои медиуми тоа го претставија како „Убиецот од Драчево пријател со Бранко?!“ (Вечер, 31 мај, 2011) Поврзувањето на лидерот на опозициската СДСМ со овој настан од црната хроника, како и изборот на зборови на некои медиуми претставуваше обид да се фрли негативна светлина врз кредибилитетот на Црвенковски.

## Употреба на „ недоличен“ јазик

Комуникацијата на дел од политичарите со јавноста продолжи во истиот манир на употреба на навредлив и вулгарен речник, со лични дисквалификации и омаловажувања, со многу иронија и цинизам. Некои медиуми и новинари, наместо да се постават како промотори на културата на говорот и етиката во комуникацијата со јавноста, послужија само како трансмитери на овој недоличен политички дискурс. Според Етичкиот кодекс, новинарот треба да се придржува и до општо прифатените општествени стандарди на пристојност..., а наедно „мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.“

Еден од поголемите гафови во кампањата е поврзан со недоличната изјава на Бранко Црвенковски, поранешен претседател на државата и актуелен лидер на опозицијата, која беше повеќекратно пренесена на повеќе медиуми. Несомнено дека улогата на медиумите е да бидат критички настроени и да претставуваат општествен коректив, меѓутоа, недозволиво е ова да биде изговор за манипулација со судбината на обичните граѓани, од страна на партиите. Стечаецот, кој учествувал во спот на ВМРО-ДПМНЕ, потоа беше навреден од Црвенковски, а медиумите уште многу пати потоа, недоличната изјава на лидерот на опозицијата ја употребија за дискредитација на одредени политички субјекти. Така, на насловната страница на Вечер беше ставена насловна конструкција што содржеше експлицитно вулгарни зборови („ДНО: Црвенковски во потполно пијана состојба изјави дека не ги **** жените на стечајците“, 26 мај 2011), во вестите на Сител се повторуваше кадарот со изјавата на Црвенковски два пати во ист прилог за да се потенцира нејзиното влијание, (25 мај) а потоа изјавата се повторуваше и во вестите во следните неколку дена за да се засили негативното портретирање на политичарот, но со тоа всушност медиумот и самиот придонесе кон недоличен говор и дисквалификација на граѓанинот.

Во истиот весник Вечер, на 30 мај 2011 година, е објавен коментар под наслов „Ј***логија“, во кој освен вулгарни и недолични зборови, авторот истакнува недолични квалификации за личности од политичкиот живот.

## Злоупотреби на медиумот за пресметки со колеги-новинари

Новинарската етика вели дека новинарот треба да ги чува угледот и достоинството на својата професија, да ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и да не го употребува својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

Во оваа кампања, евидентна беше поларизацијата на различни медиумски групации, кои го поделија и медиумскиот простор и јавната сфера врз политичка основа. Овој принцип беше многу често прекршуван од страна на повеќе телевизии и весници. Две од највлијателните телевизии изработија цели серијали на тема „Рамковски и А1“ и на тема „Ѕинго и Сител“, при што крајната цел беше индиректно да се дискредитира опозицијата или власта.

Како теми во медиумската битка се спомнаа и МПМ и весникот Дневник („Случај пари во шише“, А1, 28 мај). Новинарот го отвора прилогот со тврдење: „УЈП го стави во фиока случајот ’Пари во шише’. Епилог нема. Евидентно е само силното скршнување в десно на најсилниот весник на ВАЦ – Дневник.“ Оваа констатација инсинуира дека по промената на главниот и одговорен уредник на Дневник, весникот ќе биде наклонет кон ВМРО-ДПМНЕ, односно „скршнува в десно“.

И Канал 5 и МТВ 1 на повеќе наврати објавуваа вести за А1 и за сопственикот Рамковски, често коментирајќи и внесувајќи новинарски/редакциски суд во известувањето.

Треба да се напомене, дека дисквалификациите таргетираа цели медиуми, меѓутоа беа изработувани и прилози во кои тема беа и одделни новинари. Често, стратегијата беше поистоветување на целата телевизија и сите нејзини новинари со личноста на Велија Рамковски или на Љубисав Иванов Ѕинго, или, пак, поистоветување на медиумот со опозицијата или со власта, што можеше да се види од изборот на зборови – „политичко медиумско опозициски брак“ (Сител, 29 мај), „времето во Кратово застанало, но ветриштата на промени го топат стравот“ (29 мај, 2011), „македонската јавност е сведок дека тандемот СДСМ – А1 се обидува вината за пропаѓањето (н.з. на Сведмилк) да ја префрли на Владата во обидот да се купат ситни политички поени“ (МТВ 1, 28 мај) и сл.

## Фактите раздвоени од мислењата, а вестите од коментарот

Кај дел од медиумите продолжи мешањето на вестите и личното мислење на новинарот во прилозите и во текстовите. Коментирањето е присутно кај некои медиуми во најавите на прилозите (најчесто кога станува збор за извештај од прес конференција), а некаде се сретнуваат ситуации кога целиот прилог е мислење на новинарот. Има и такви прилози во кои новинарот голем дел од времето поставува прашања, дел реторички, а дел упатени кон политичкиот субјект или кон институциите. Ретки се примерите кога коментарите се посебно означени во вестите, како што налага Правилникот на Советот за радиодифузија.

Така, во вестите на Сител од 26 мај 2011 година, водителот во генералната најава коментира дека Црвенковски и Рамковски создале „прва конкретна медиумско партиска коалиција за наредните избори“ и дека имаат заеднички интереси – „СДСМ да победи и да

се избега од законските постапки за перење пари и друг вид финансиски криминал“. Потоа додава дека граѓаните треба да решат дали ќе гласаат против сопствените закони и за легализација на организиран криминал, објаснувајќи подоцна во најавата што ќе значи ако се гласа за СДСМ. Понатаму, во самиот прилог, повторно се забележува коментирање од страна на новинарот кој го подготвил прилогот („...љубовен триаголник на партија, медиум и невладин сектор станува медиумска перверзија која се уште не е видена во Македонија, а секако не е видена во демократска Европа...“ вести на 26 мај, 2011 година)

Примери за мешање на новинарското мислење со веста и со фактите, се сретнуваат и во вестите на МТВ 1. На пример, во прилозите за Рамковски и Сведмилк, се изнесуваат документи за поткрепа на тврдењата, но и ставови и заклучоци на новинарот, со употребува на конструкции низ целиот прилог како „де факто партнерот на СДСМ - Рамковски“ или „тандемот СДСМ-А1“ обидувајќи се да ги поистовети двата субјекта (МТВ1, 28 и 29 мај). Во друг прилог, пак, во кој се пренесува реакцијата на Јованче Ацевски, стечаецот кој беше навреден од Црвенковски, по директната изјава на Ацевски: „него изгледа вискито го натера да го каже тоа, тоа што го пие - вискито“, новинарот констатира и сугерира: „Ако е така како што вели Ацевски со кого патем се согласуваат огромен број корисници на социјалните мрежи на Интернет тогаш следен чекор на Црвенковски би требало да биде повлекување од политиката, онака како што се повлекоа речиси сите политичари во светот кои до сега си дозволиле во јавноста да бидат видени по дејство на алкохол, формално или неформално.“ (МТВ 1, 26 мај 2011)

## Објективно и точно известување

Објективното известување спаѓа во темелните принципи на професионалното новинарско известување и, како такво, не е предмет на законската регулатива за покривање на изборите. Објективното известување подразбира веста да биде веродостојна или проверена, да се прикажат спротивставени мислења, да се презентираат дополнителни докази (истражени поткрепувачки факти), употреба на наводници (цитирани мислења, со цитатите новинарот може да обезбеди дистанца кон обработената тема), структурирање на информацијата во одмерен редослед (најважното на почетокот, а следните ставови треба да содржат информации од помало значење).

Неопходно е да се истакне дека во известувањето од кампањата беа забележани вести каде се наведуваат непрецизни извори: „според партиски извори“, „според неофицијални информации“, „експертите велат“, „аналитичарите велат“, „добро упатени извори“, „дипломатски извори“, извори на телевизијата итн. На ТВ А1, во два прилога во вестите од два дена едноподруго (28 и 29 мај), новинарот, повикувајќи се на обвинувања на граѓаните, наведува дека докторката во еден град во внатрешноста, активист на владејачката партија, ги уценувала болните од дијабетес дека инсулин ќе добијат само ако гласаат за ВМРО-ДПМНЕ. Не се наведува информација дали новинарот ја прашал втората страна, не се презентираат изјави од соговорници, а информацијата се „поткрепува“ со наводни „кажувања од граѓаните“, кои воопшто не се дел од извештајот.

Сепак, како еден од поголемите проблеми во однос на објективното и точно известување треба да се наведе еднострaноста при пласирањето на вестите, особено кога станува збор за обвинувања и обелоденување афери за некој политички субјект. Се забележува дека во повеќе случаи новинарското известување се сведува на известување од прес-конференција, односно на пренесување на партиските обвинувања, клевети или информации за наводни афери, но понатамошната новинарска истрага најчесто отсуствува.